ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20 и 215/21) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

# О Д Л У К А

## за избор на административен службенк
## по Интерен оглас бр.01/2021

1.По инетерниот оглас 01/2021 објавен на ден 7.12.2021 година, за унапредување на административен службеник во Општина Гевгелија **се избира**:

- **Благој Ристов,** со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за нормативни работи од надлежност на Советот на општината**, во Одделението за правни работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот;

2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.08-1841/1 од 2.12.2021 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.08-1841/2 од 2.12.2021 година, доставени од Градоначалникот до Одделението за управување за човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 7.12.2021 година објавен е Интерен оглас број 01/2021 на веб страната на Општина Гевгелија и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник, на работно место Советник за нормативни работи од надлежност на Советот на општината, 1 (еден) извршител, во Одделението за правни работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-1841/8 од 14.12.2021 година, на ден 21.12.2021 година, во просториите на Агенцијата за администрација, спроведе адинистративна селекција со Записник бр.04-1841/9 и интервју со Записник бр.04-1841/10.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на адмнистративен службеник изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.04-1930/2
22.12.2021 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*Андон Сарамандов*

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник